# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ОД ДОКУМЕНТИРАНИ СЛУЧАИ ВО КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ

### ЗА ПЕРИОДОТ 01.09.2022 - 31.01.2023

**ДРАГАНА ДРНДАРЕВСКА**
правна советничка, Коалиција Маргини

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија и Шведска. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маргини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

Во периодот од 1 септември 2022 до 31 јануари 2023 година во Коалицијата Маргини се документирани **90 случаи на прекршување на права**, во кои има минимум 123 жртви од различни заедници. Документирани се два случаи каде има неопределен број жртви. Во едниот случај се работи за говор на омраза од страна на медиум, а во другиот за повреда на работнички права на поголем број текстилни работнички во една фабрика.

По етничка структура на жртвите, 84 се Македонци, 3 Албанци и 35 Роми. Од видот на повредите на права е повторно видлив структурниот расизам со кои Ромите се соочуваат. Ниту една друга етничка група не се соочува со повреди на права само поради расата и/или етникумот. Во најголемиот број на случаи во кои жртви се Роми станува збор за повреди на социјални права поврзани со сиромаштијата со која се соочуваат, случаи на расна дискриминација и повреди на права од страна на полиција, здравство и други државни органи. Повредите на социјалните права зборуваат за лишувањето од основни средства за егзистенција и неправедната дистрибуција на добрата по оска на расата, како стратегии преку кои се спроведува маргинализацијата и социјалното исклучување на Ромите. Во овие случаи се документираат правни битки за да се дојде до минимални средства за преживување, средства кои, од една страна, ни оддалеку не се доволни за достоинствен живот, а од друга страна, доаѓањето до нив е обременето со бирократските постапки чија цел е да се отежни пристапот. Па така во документираните повреди на социјални права се работи за одолговлекување на постапките за стекнување со правата, неосновано одбивање или укинување на правата, извршување од средства од гарантирана минимална помош, проблеми во остварувањето на пензиите од странство и слично.

По области, најголем број од случаите се родово засновано или семејно насилство (46% или 41 случај). Потоа е областа на социјални права, социјална заштита и родителство/старателство со 20% или 18 случаи, областите здравство (10% или 9 случаи) и полиција (9% или 8 случаи). Помал број случаи се документирани во областа „други повреди на права од државни органи“ (6%), работни односи (4%), говор на омраза (2%), домување (1%) и друго (2%). Зголемениот процент на документирани случаи на родово засновано и семејно насилство се должи на засилено документирање од организациите кои нудат правна помош на жртви на насилство како ЕХО Штип и Организација на жени на Свети Николе.




**Графикон 1: Документирани случаи по области**

Повторно, случаите во најголема мера се документираат од страна на правници, параправници, социјални работници, теренски работници и други вработени во граѓански организации и тоа: КХАМ Делчево, Стар Стар, Заедно посилни, ХОПС Опции за здрав живот Скопје, ЕХО Штип, Организација на жени на Свети Николе, ТрансФормА и Коалиција МАРГИНИ. Најчесто организациите кои го документирале случајот обезбедиле правна помош за жртвите и го пријавиле во надлежна институција. Оттука, голем дел од документираните случаи се пријавени во надлежни институции, бидејќи лицата се обратиле во здруженија на граѓани кога веќе одлучиле да преземат нешто за решавање на правниот проблем. Најголем дел од пријавените случаи се од областа на социјални права и заштита и родово засновано насилство. Од случаите кои не се пријавуваат до надлежните институции најголем дел се случаи на дискриминација, повреди на здравствени права и права при полициско постапување каде жртви се маргинализирани групи како сексуални работници, лица што употребуваат дроги и лица што живеат со ХИВ. Стигмата, срамот и стравот од виктимизација дополнително ги оддалечуваат овие маргинализирани заедници од институциите, на што се надополнува недовербата во институциите.

Различни облици на **дискриминација** се документирани во 16 случаи. Случаите на дискриминација се документирани во сите области. Во однос на родовата структура, од жртвите: 5 се мажи, 5 се жени, 5 се трансродови лица и во еден случај има говор на омраза со неодреден број на жртви. Во однос на етничката структура, жртви на дискриминација се 8 Македонци, 2 Албанци и 5 Роми. Во овој известувачки период карактеристични се случаите на дискриминација кон луѓето што живеат со ХИВ и кон сексуалните работници. Случаите на дискриминација ќе бидат обработени во рамки на различните области.

Документирани се 2 случаи на **говор на омраза** кои се врз основа на родов идентитет. Во едниот случај се работи за лавина од коментари со говор на омраза на Фејсбук по изјава за трансродовата жена и активистка на ТрансФормА Лила Милиќ на ТВ 24, каде зборува за прекршувањето на правата на трансродовите лица. На изјавата има 258 коментари со кои се повикува на насилство и на убиство, има измевање, навредување и претставување на ЛГБТИ луѓето како штетни, изроди, ненормални, итн. Речиси и да не постои изјава на трансродово лице во јавноста која не е дочекана со масовен говор на омраза, додека сѐ уште немаме ниту една кривична постапка со која Обвинителството ги гони сторителите на хомофобичен и трансфобичен говор на омраза и покрај бројните пријави. Скопскиот Квир Центар во 2022 година интензивно работеше на тестирање на институциите во однос на заштитата од говор од омраза. Од 64 поднесени кривични пријави до ОЈО и 16 кривични пријави до МВР, не е покрената постапка за ниту една. 5 кривични пријави се отфрлени, за 20 има известување дека „нема основ за јавнообвинителско постапување“, додека за останатите нема одговор. За разлика од обвинителството, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапила и утврдила дискриминација говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во дури 26 случаи (1).

1 Скопски квир центар „Извештај: Премостување на јазот на говорот на омраза и правната исклученост поврзани со сексуална ориентација и родов идентитет во Северна Македонија“ 2022 година.

Во вториот случај станува збор за објава на порталот Курир насловена „ОФИЦИЈАЛНО: Белгија забранува промена на родовиот идентитет“. Веста дека во Белгија се криминализира конверзионата терапија од страна на Курир е прикажана како да се забрануваат медицински интервенции за потврдување на родот (2). Станува збор за неточно и нефер известување и дискриминација, што претставува повреда на Кодексот на новинарите на Македонија, за што е испратена жалба до Советот за етика во медиумите. Ако се земе предвид дека порталот Курир континуирано објавува хомофобични и транфорбични текстови, извесно е дека намерно се манипулира со насловот на веста со цел да создаде слика дека дури и западно-европски земји забрануваат медицинско прилагодување на родот, со што: се креира слика кај читателите дека тоа е непожелно и ненормално и се поттикнува дискриминација кон трансродовите лица. Комисијата за жалби ја прогласи жалбата за основана и утврди повреда на Кодексот на новинарите, но само во делот на точноста на податоците, но не и во однос на ширењето на дискриминација преку веста. „Комисијата не можеше јасно да утврди дали вака пренесената вест е резултат на незнаење и неупатеност или на намерна манипулација од страна на медиумот. Генерална оценка на членовите на Комисијата е дека новинарот што ја пласирал веста погрешно ги интерпретирал информациите и фактите, што секако, не го ослободува од одговорност. Тоа е спротивно на член 1 од Кодексот на новинарите, во делот дека проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и оти насловот мора да одговара на неговата содржина“, се вели во мислењето. Оттука, Комисијата спротивно на стандардите за заштита од дискриминација се впуштила во расправање за намерата и причината за објавување на ваква вест кај порталот. Кај дискриминаторските содржини важен е крајниот ефект, а не намерата на сторителот. Дури и да станува збор за незнаење, очигледно е дека авторите на веста имаат трансфобични ставови поради кои и вестите за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето ги читаат како вести за уназадување на правата на трансродовите луѓе.

2 Потврдување на родот е термин што се користи наместо застарениот израз „промена на полот“. Со овој термин се истакнува дека се потврдува родот на поединецот со медицинска интервенција.

Во областа на **работните односи** документирани се 4 случаи, од кои во 3 жртви се жени. Трите случаи се родово засновани повреди на права во работен однос и претставуваат типични повреди на женските работнички права. Во едниот случај станува збор за дискриминација врз основа на бременост и мајчинство во кој кандидатката за работа не била вработена бидејќи била во првите месеци од бременоста. Во вториот случај станува збор за сексуално вознемирување на работно место што воедно претставува форма на родово засновано насилство и форма на дискриминација. Во случајот работничката се обратила кај работодавачот и го известила за сексуалното вознемирување, но работодавачот одбил да преземе мерки за заштита. Во третиот случај се работи за повреди на права на текстилни работнички преку непочитување на законските одредби за отказ. Сите случаи се претстави на структурни повреди на правата засновани на родовата нееднаквост, изразена преку односите на моќ на пазарот на труд и преку нормите кои го регулираат. Оттука, неопходни се системски промени во Законот за работните односи и во начинот на функционирање на Државниот инспекторат на трудот кој не ја препознава родовата димензија на повредите на работничките права.

| **Видови повреди на права** | | **Род на жртви** | | | **Етничка припадност** | | | | **ХИВ** | **СР**[1] | **ЛУД**[2] | **Попреченост** | **Жртви на РЗН/СН**[3] | **Деца** | **ЛГБТИ** | **Нема конкретни жртви** | **Вкупно Случаи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Ж** | **М** | **Транс**[4] | **Македонци/ки** | **Албанци/ки** | **Ром(к)и** | **Други** | | | | | | | | | |
| 1 | Работни односи | 3 | 1 | | 3 | 1 | | | | | | | 1 | | | | 4 |
| 2 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 3 | 6 | | 6 | | 3 | | 5 | 1 | 4 | | | | 4 | | 9 |
| 3 | Полиција | 2 | 5 | 1 | 2 | | 6 | | | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | | | 8 |
| 4 | Социјални права и социјална заштита | 5 | 10 | 1 | 5 | | 14 | | | 1 | 1 | 1 | | 3 | 1 | | 18 |
| 5 | РЗН/СН | 36 | 5 | 4 | 66 | 1 | 6 | | | 3 | 1 | 2 | 73 | 28 | 4 | | 41 |
| 6 | Говор на омраза | | | 1 | 1 | | | | | 1 | | | 1 | | 1 | 1 | 2 |
| 7 | Домување | 1 | | | | 1 | | | | | | | | | | | 1 |
| 8 | Други повреди на права од државни органи | | 3 | 2 | 1 | | 4 | | | | | | | | 2 | | 5 |
| 9 | Друго | | 2 | | | | 2 | | | | | 1 | | | | | 2 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 5 | 5 | 5 | 8 | 2 | 5 | | 5 | 6 | 2 | | 4 | | 5 | 1 | 16 |
| **Вкупно** | | **50** | **32** | **9** | **84** | **3** | **35** | | **5** | **8** | **7** | **5** | **77** | **32** | **12** | **1** | 90 |
| **Вкупно случаи** | | | | | | | | | | | | | | | | | **90** |

[1] Сексуални работници
[2] Луѓе што употребуваат или употребувале дроги
[3] Директни и индиректни жртви (деца кои живеат во средина со насилство) на родово засновано насилство или семејно насилство
[4] Трансродови и родово небинарни лица

Во **здравството и здравствената заштита** документирани се 9 случаи на повреди на правата. Во овие случаи 5 од жртвите се лица што живеат со ХИВ (од кои 4 се геј мажи), 3 се лица што употребуваат droги и 1 е жртва на родово засновано насилство, која е сексуална работничка што употребува дроги. Во 6 од овие случаи има дискриминација, и тоа во два вознемирувањето е врз основа на здравствен статус, а во четири станува збор за директна дискриминација врз основа на здравствен статус (ХИВ позитивен статус). Во случаите каде жртви се лицата што живеат со ХИВ главно се работи за одбивање на здравствени услуги откако здравствениот персонал ќе дознае или самиот пациент ќе каже дека е ХИВ позитивен. Во еден случај на лицето му била овозможена услуга, хируршка интервенција, но на неговиот картон што стои на креветот на пациентот со големи букви било напишано „ХИВ“, со што здравствениот персонал сторил вознемирување, не ја почитувал приватноста на пациентот, неговата сигурност и психички интегритет. Во еден случај, откако пациентот отишол во тоалетот во болницата медицинската сестра на сите други пациенти им кажала да не одат во тоалетот бидејќи пациентот имал ХИВ. Во другите случаи пациентите биле одбивани под изговор дека здравствената установа нема соодветна опрема за заштита. Во случаите се работи за пациенти кај кои вирусниот товар е намален до недетектибилно ниво, од каде не постојат никакви шанси да го пренесат вирусот. Дури и да не е тоа случај, за заштита од трансмисија на ХИВ доволни се општите мерки и препораки за професионална заштита на здравствени работници, а вирусот не се пренесува преку користење на заеднички тоалет, поздравување или престој во иста просторија.

Во случаите каде жртви се лица што потребуваат дроги се работи за вознемирување на пациентка од страна на здравствена работничка која ја навредувала и осудувала поради употребата на дроги. Во друг случај, пациентот, корисник на право на гарантирана минимална помош, немал пари за да ја плати партиципацијата за здравствената услуга, по што болницата одбила да му издаде отпусно писмо додека не плати. Потоа не можел да аплицира за право на надомест за нега и помош од друго лице, бидејќи отпусниото писмо му било потребно како документ кој треба да се приложи. Без разлика на плаќањето на партиципацијата, здравствените установи имаат обврска да му ги дадат здравствените документи на пациентот. Оваа практика на неиздавање на медицински документи додека не се наплати е документирана и во уште еден случај.

Во последниот случај во оваа област се работи за сексуална работничка, жртва на родово засновано насилство на која три клиники од Клиничкиот Центар „Мајка Тереза“ и наплатиле партиципација за услугите и покрај укажувањето на теренската работничка дека согласно закон (3), како жртва на родово засновано насилство е ослободена од какви било трошоци за медицински услуги. Иако не станува збор за нова обврска, континуирано се документираат случаи во кои не се почитува ова право на жртвите од страна на Клиничкиот Центар „Мајка Тереза“. За случајот е пратена претставка до Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и Народниот правобранител.

Документирани се 8 случаи на повреда на права од страна на **полиција**. Најголем број од жртвите во овие случаи се Роми (6), а двајца се Македонци. Се бележат случаи на повреди на права на сексуални работници, луѓе што употребуваат droги и лице со попреченост. Во случаите каде сексуалните работници се жртви се работи и за сексуално вознемирување од страна на полициски службеници. Во еден од овие случаи сексуалната работничка на отворена сцена била претресувана од полициски службеници без никаков документ на отворено. Таа побарала да ја претресува жена, а не мажи, на што почнале да ја исмејуваат и едниот полициски службеник и рекол „може да те е*** за 500 денари“. Во другиот случај полициска службеничка навредувала транс сексуална работничка на отворена сцена, ја нарекувала „педер“ и се заканувала на клиентот дека може да го казани за користење услуги.

Во случајот каде жртва е лице што употребува дрога се работи за противправен претрес на јавно место, каде полициските службеници целосно го соблекле во јавност. Во еден случај се работи за лице со ментална попреченост кое е осудено за задоволување на полови страсти пред друг, за што му е изречена затворска казна. Во постапката не е земено предвид дека се работи за непресметливо лице за кое треба да се одреди помала казна. Во другите документирани случаи се работи за ненавремено поднесување на кривични пријави и гонење на сторители на кривични дела; во друг случај се работи за тешка телесна повреда, но наместо кривичен прогон на сторителите и на жртвата и на сторителот се изречени прекршочни санкции за нарушување на јавен ред и мир.

3 Член 51 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство

Во областа на **социјалните права и социјалната заштита** се документирани 18 случаи, од кои 3 се однесуваат на повреди на права во областа на **родителските права и старателството** каде жртви се и деца. Во најголем број од овие случаи жртви се Роми (14), најчесто мажи (10), 5 жени и 1 трансродово лице. Во случаите каде жртви се Ромите се работи за слични случаи како во претходните извештаи на неосновано одбивање или укинување на некое социјално право како гарантиран минимален приход, детски додаток или додаток за туѓа нега. Во три случаи на корисниците на ГМП им било прекинато правото бидејќи според надлежните, одбиле да потпишат индивидуален план за активација во Агенцијата за вработување. Притоа лицата тврдат дека не биле никогаш контактирани, ниту писмено ниту усно, туку единствено по пошта им стигнале решенија со кои им се укинува правото на ГМП.

Во областа на **родителски права**, во едниот случај станува збор за дискриминација кон жена која употребува дроги. МЦСР времено и' го одземал детето бидејќи имала обид за самоубиство, но социјалните работници и' кажале дека за враќање на детето може да наметнат дополнителни услови бидејќи знаат дека употребува дроги, како барање да си најде работа и да се лекува. Наметнувањето на вакви дополнителни услови е провизорно и дискриминаторско. Во другите два случаи се работи за немање интерес за најдобриот интерес на детето во постапките за одлучување за средби со родителот или роднините со кои не живее. Во едниот случај се работи за татко сторител на семејно насилство, на кој децата му се доверени секој викенд без притоа да се земе предвид дека насилството продолжува и покрај разводот и пријавите. Секој пат кога се кај него тој ги користи за да ја малтретира жртвата, не им дозволува да се чујат со неа по телефон, по што се видно вознемирени и траумaтизирани. И покрај бројните пријавувања ЦСР не го зема предвид најдобриот интерес на децата и не зема предвид дека таткото е насилник, по што жртвата информирала дека сторителот има роднини вработени во ЦСР. Во третиот случај се работи за дете чиј татко го има напуштено одамна и не комуницира со него. ЦСР инсистира на видување со родителите на таткото кои детето воопшто не ги познава, не сака да се гледа со нив и после секое видување е видно вознемирено и траумaтизирано. Дури после шест месеци ЦСР го менува решението откако е поднесен извештај за оваа состојба од страна на Завод за ментално здравје на деца и млади каде што се утврдуваат штетните последици од присилување на детето да остварува средби со роднините. Во овие случаи е видливо дека најодговорните за заштита на децата не постапуваат согласно најдобриот интерес на детето, не ги земаат предвид сите околности, постапуваат непрофесионално и провизорно, притоа загрозувајќи го здравјето и

Документирани се 41 случај на **родово засновано и семејно насилство**, но елементи на родово засновано насилство има и во 4 други случаи распределени во други области. Во 25 од овие случаи се работи за родово засновано насилство кое жртвите со години го трпат, па кога се одлучиле нешто да преземат се обратиле за помош во здруженија на граѓани. Сепак, жртвите не секогаш се согласуваат да се пријави случајот во надлежна институција (полиција или центар за социјални работи), односно само во 27 случаи насилниците биле пријавени. Во дел од случаите воопшто не станува збор за пријавување на насилството, туку само за развод на брак. Но, загрижува постапувањето на институциите во случаите на развод на брак поради семејно насилство бидејќи во 4 случаи се документира инсистирање на центрите за социјална работа за мирење на партнерите и не покажување на интерес за фактот дека таткото е насилник при одлучувањето за средби со малолетни деца.

**Центрите за социјална работа се уште инсистираат жртвите да се смират со насилникот „поради децата“**

Во еден случај на психолошко и физичко насилство, сопругата решила да си замине со двете малолетни деца кај нејзините родители. Првично, не сакала да покрене кривична постапка за насилството туку само постапка за развод на брак поради семејно насилство. Социјалните работници ја убедувале дека треба да се смират и да се врати кај сопругот поради децата. Наместо да и пружат заштита, да постапат по службена должност, да го проценат ризикот од насилство и да поднесат предлог за изрекување на привремени мерки за заштита, тие ја убедувале жртвата да се врати кај насилникот. Потоа насилникот отишол во куќата на родителите ја нападнал жртвата и нејзиниот татко кој се обидел да ја заштити, нанесувајќи им лесни телесни повреди. Во овој случај социјалните работници со своето постапување овозможиле насилникот да продолжи со насилството. Преку инсистирање жртвата да се врати кај насилникот, социјалните работници го релативизирале насилството и индиректно го мотивирале насилникот да продолжи со однесувањето валоризирајќи го неговото барање жртвата да се врати во домот. Во ваквите случаи каде жртвите се убедуваат да се вратат кај насилникот заради децата, се прекршуваат и детските права и не се постапува согласно најдобриот интерес на детето. Општопознат факт е дека сведочењето на насилството и живеењето во насилна средина имаат негативни последници кон растот и развојот на децата, кои во состојба на стрес не можат соодветно да се развиваат, да учат и да се социјализираат. Уште повеќе преку растење во насилна средина, насилството за детето се нормализира по што детето продолжува да употребува насилство или да трпи насилство во текот на животот.

Од случаите кои се пријавени пред надлежни органи, давателите на услуги во 6 случаи известуваат дека се задоволни бидејќи се решил проблемот, во 5 случаи не се задоволни од постапувањето, а во повеќето, 16, се делумно задоволни од постапувањето на институциите. Но, во случаите каде е документирано задоволство од постапката не значи дека органите постапиле целосно согласно закон, туку дека се решил проблемот на жртвата.




Графикон 2: Задоволство од постапката пред надлежен орган во пријавените случаи на РЗН/СН

Овие податоци иако не се репрезентативни јасно зборуваат од потребата за унапредување на институционалниот одговор во случаите на родово засновано насилство и семејно насилство. Во случаите во кои се пријавува незадоволство од постапката пред институцијата вообичаено се работи за одбивање да се постапи, релативизирање на насилството, не постапување по службена должност, обвинување на жртвата, не преземање на сите мерки за да се заштити жртвата согласно закон, делување во корист на насилникот и слично. И покрај обврската да постапат по службена должност секогаш кога имаат сознание за семејно насилство или родово засновано насилство, документирани се 4 случаи во кои институциите инсистираат на пријава од страна на жртвата.

**Институциите одбиваат да постапат по службена должност, секогаш кога имаат сознание за насилство!**

Во еден случај, жена која долги години е жртва на насилство се здобила со тешки телесни повреди, а притоа била затворена во семејниот дом и немала пристап до телефон или друг уред за комуникација. После неколку дена успеала да дојде до телефон и побарала помош преку порака до здружение на граѓани. Здружението веднаш пријавило во полиција, која одбила веднаш да постапи инсистирајќи на пријава од страна на жртвата под изговор дека ако не пријави жртвата тогаш таа нема да признае дека се случува семејно насилство. По инсистирање од страна на здружението конечно постапиле. Во друг случај, пријавата за семејно насилство била регистрирана како поплака бидејќи жртвата не сакала кривично да го гонат сторителот и покрај нанесените телесни повреди. Во трет случај се работи за насилник, татко на жртвата, но иако Центарот за социјални работи е добро запознаен со случајот одбива да преземе мерки додека не го пријавел некој од семејството.

Во речиси сите случаи сторителите се мажи (39) и два случаи во кои сторителка е жена, мајка на жртвата која е ЛГБТИ лице. Жртви се 36 жени, 5 мажи и 4 трансродови лица. Исто така 28 деца се најчесто индиректни жртви поради сведочење на насилството, живеење во насилна средина или спроведување на насилството и преку нив како на пример во случаите каде насилникот, татко, не им дава на децата да комуницираат со мајката.




Графикон 3: Род на жртви и на сторители на РЗН/СН

Во однос на роднинските врски, во најголем број од случаите (32) насилникот е интимен партнер на жртвата, најчесто сопруг. Во 4 случаи жртви се родители (мајки) а сторители деца (синови). Во 5 случаи жртви се полнолетни деца, а сторители родителите. Во 4 од овие случаи жртвите се ЛГБТИ деца, додека во еден жртвата е жена која бегајќи од насилство од страна на сопругот се соочила со насилство од страна на нејзиниот татко. Во три случаи освен сопругите на насилниците жртви се и нивните татковци кои се обиделе да ги заштитат; а во еден случај жртва е сестрата на насилникот.

Во 8 случаи е документирано насилство и после пријавување на случајот до надлежни институции, што зборува за неефикасноста на постапувањето. Во 11 случаи е документирано повлекување на пријавите од страна на жртвите или одбивање да се продолжи со постапката, по што институциите не постапиле по службена должност.

Документирани се и три случаи на родово засновано насилство кон сексуални работнички, во сите три случаи сторители се клиенти. Во еден од случаите се работи за тешки телесни повреди и противправно лишување од слобода. Откако брутално ја претепал, жртвата се онесвестила. Откако се освестила наредниот дел, успеала да го убеди да ја пушти да си оди по што пријавила во здружение. Сторителот е казнет за тешка телесна повреда и противправно лишување од слобода на две години затвор. Притоа, бидејќи за време на донесување на пресудата, измените на КЗ за усогласување со Истанбулска конвенција со кои се предвидуваат построги казни за насилство врз жени и родово засновано насилство не беа донесени, во постапката не беше земено предвид дека станува збор за родово засновано насилство, па сторителот е казнет на само две години затвор.

Во областа на **домувањето** е документиран еден случај на дискриминација врз основа на брачен статус. 36 годинашна жена сакала да изнајми стан во кој ќе живее сама, но сопственикот кога дознал дека не е мажена одбил да и' го изнајми бидејќи во населбата живееле „семејни луѓе“ па според него она ќе биде лош пример за соседството. Во случајот има елементи и на интерсекциска дискриминација, односно интерсекција помеѓу родот и брачниот статус, со оглед на тоа што жените кои не се мажени после одредена возраст во одредени средини, сè уште се сметаат за неморални и непожелни.

Во областа на **други повреди на права од страна на државни органи** документирани се 5 случаи. Во овие случаи жртви се 4 Роми и еден Македонец, од кои 3 мажи и две трансродови лица. Во случаите каде жртви се трансродови лица освен што има повреди на други права има и дискриминација и/или вознемирување врз основа на родов идентитет. Трансродова жена поднела барање за правно признавање на родот со кое приложила и медицинска документација која потврдува дека ги поминала сите хируршки интервенции за медицинско прилагодување на родот. Службеникот се однесувал понижувачки и деградирачки, и' се обраќал во машки род, коментирал дека он не знаел што има она во гаќите и и' кажал дека нема потреба да го поднесува барањето бидејќи однапред е одбиено. Во другиот случај, трансродова жена Ромка отишла во Агенцијата за вработување за да праша дали имаат некаква понуда за вработување за неа. Службениците ја исмевале, ја прашувале дали е машко или женско, зошто се облекува така и дека поради тоа не знаат што да и' понудат. Во оваа област два од документираните случаи се однесуваат на извршување на глоби за прекршоци од средства од гарантирана минимална помош.

## Документирани случаи по место на случување

Најголем број од случаите се настани кои се случиле во Источен (26), во Вардарски (24) и во Скопски регион (22), во Пелагониски регион се документирани 10 случаи, а во Југоисточен, Полошки и Североисточен по неколку случаи. Нити еден случај не е документиран во Југозападен регион. Распределбата на случаите по региони се должи на активностите на здруженијата на граѓани, правниците и параправниците. Сите случаите на повреда на здравствени права се од Скопскиот регион поради централизираноста на здравствените услуги во Клиничкиот центар. Повредите на социјални прва се во најголем дел од Источниот регион поради активноста на здружението КХАМ Делчево кое работи со Роми. Случаите на родово засновано и семејно насилство се главно од Вардарскиот и Пелагонискиот регион каде делуваат здруженијата Организација на жени на Свети Николе и ЕХО на овозможување правна помош на жртви на родово засновано насилство.

| Видови повреди на права | | Региони | | | | | | | Медиуми/ социјални мрежи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полошки | Источен | Скопски | Пелагониски | Вардарски | југоисточен | североисточен | |
| 1 | Работни односи | 1 | | 1 | | 2 | | | |
| 2 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | | | 9 | | | | | |
| 3 | Полиција | | 4 | 3 | | 1 | | | |
| 4 | Социјални права и социјална заштита | | 14 | 2 | | 1 | | | |
| 5 | РЗН/СН | | 3 | 6 | 10 | 19 | 3 | 1 | |
| 6 | Говор на омраза | | | | | | | | 2 |
| 7 | Домување | 1 | | | | | | | |
| 8 | Други повреди на права од државни органи | | 3 | 1 | | 1 | | | |
| 9 | Друго | | 2 | | | | | | |
| **Вкупно по региони** | | **2** | **26** | **22** | **10** | **24** | **3** | **1** | **2** |
| **Вкупно** | | | | | | | | | **90** |

## Родова структура на жртви на повреди на права




Графикон 4: Род на жртви на повреди на права од документирани случаи

Во документираните случаи жртви се 50 жени, 32 мажи, 9 трансродови лица и 32 деца. Децата се главно (индиректни) жртви во случаите на родово засновано и семејно насилство. Жените доминираат како жртви во случаите на родово засновано и семејно насилство и во повредите на права од работен однос, додека мажите во повредите на здравствени права, каде доминираат геј мажи што живеат со ХИВ, права во полициска постапка и социјални права, каде доминираат Роми. Трансродовите луѓе се најчесто жртви на родово засновано насилство, повреди на права од државни органи, полиција и социјална заштита. Од овие податоци видливи се родовите димензии на семејното насилство и насилството во интимните врски. Кај трансродовите луѓе, насилството се случува поради родовиот идентитет и/или сексуалната ориентација, додека останатите случаи се главно случаи на дискриминација во различни области врз основа на родов идентитет.

# ПРЕПОРАКИ

Измени и дополнувања на Законот за работни односи со цел зајакнување на механизмите за спречување и заштита од дискриминација;

Јакнење на институционалната независност и на капацитетите на Државниот инспекторат на труд за недискриминација и за заштита на женски работнички права;

Континуирана формална и неформална едукација на здравствени работници за ХИВ, еднаквост и недискриминација;

Јакнење на капацитетите на Државниот здравствен и санитарен инспекторат за постапување во случаи на дискриминација во здравството;

Министертвото за здравство да преземе мерки за прекинување на практиката од страна на здравствените установи на не издавање на отпусни писма додека не се плати партиципација за услугата;

Доследна пирмена на измените од Кривичниот закон за усогласување со Истанбулската конвенција од страна на полицијата и обвинителството;

Информирање на здравствениот сектор за обврската од ослободување од трошоци за жртви на семејно и родово засновано насилство и засилена контрола над спроведување на обврската;

# ПРЕПОРАКИ

Донесување на протокол за соработка помеѓу МВР и здравствените институции со цел брза размена на податоци во случаите на родово засновано насилство;

Реформи на Законот за полиција и подзаконските акти, со цел усогласување со Истанбулската конвенција и донесување на детални упатства за постапување во случаите на родово засновано насилство, насилство од омраза, говор на омраза и постапување со маргинализирани заедници;

Зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа за заштита на жртви на родово засновано насилство и заштита на деца, со фокус на деца од семејства во кои има насилство;

Спроведување на задолжителни обуки за социјални работници за примена на Конвенцијата за правата на детето и засилена контрола над нивната работа во областа на детска заштита;

Зајакнување на механизмите за контрола, одговорност и отченост на полицијата и обвинителствата преку унапредување на нивната независност, капацитети, надлежности и буџети;

Обуки за сензибилизација на полициски службеници за работа со маргинализирани заедници со фокус на сексуални работници и луѓе што употребуваат дроги и засилена контрола над нивната работа со овие заедници.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Sweden Sverige

Коалиција МАРГИНИ

KVINNA KVINNA

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија и Шведска. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маргини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.